**Известување за концентрација со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје стекнува контрола над Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје (предмет бр. 08-91/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.05.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица на Максим Горки 11/1 3 кат, Скопје во Република Северна Македонија ќе стекне поединечна контрола над Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, 1000 Скопје, во Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, е нотифициран телекомуникациски оператор од страна на Агецијата за електронски комуникации во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичени телекомуникации, односно за давање сателитски услуги и реемитирање телевизиски програми и сервиси.
Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје е нотифициран телекомуникациски оператор од страна на Агецијата за електронски комуникации во Република Северна Македонија, кое работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги.

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија.
Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазар за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира малопродажен пазар за давање услуги на мобилна телефонија на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.06.2024 година
Скопје